ПОДРАЧЈЕ:СОРАБОТКА СО НАСТАВНИЦИ И ИНКЛУЗИВЕН ТИМ				
Содржина на работа	**Цели**	**Време на реализација**	**Очекувани резултати**	**Соработници**
Индивидуална работа со децата со ПОП Инклузија на учениците	Практична работа според потребата на учениците со ПОП	континуирано во соработка со инклузивниот тим	Поефикасна Инклузија и поддршка на наставниците и учениците	ученици, наставници и родители, ИТУ
Советодавна работа со наставниците кој работат со ученици по ИОП	Помош во усвоената и реализирана програма од страна на учениците	септември, јануари	Размена на информации и искуства за надминување на предизвиците и унапредување на инклузивноста	наставници и ученици, образовен асистент
Следење на реализацијата на програмите според ИОП	Успешна реализација според индивидуалните потреби на учениците	континуирано	Постигнување на поставените цели	со наставниците и родителите,ИТУ

Одбележување по повод 3 ти Декември,, Меѓународен ден на лица со попреченост,,	Краток анимиран филм за животот на лице со аутизам,презентација за карактеристиките на лицата со Аутизам и читање текст од ученици	5 декември, 2023	Подобро разбирање и успешна интеграција на инклузијата,Подигање на свеста за аутизам	ученици од 6-то и 9-то одд, наставник по македонски јазик-Весна Додевска
,,Лица со попреченост,,	Презентација за повеќе видови на попреченост заедно со педагогот Маја Ивановска	7.12.2023	Информирање и давање на насоки за работа и справување кај овие видови на попреченост	наставници од одделенска настава
Поддршка на наставниците за учениците од прво одд.	Полесно и побрзо прилагодување	по потреба	Успешно прилагодување и вклопување во училишната средина	наставници, стручна служба, родители
Инструктивно- советодавна работа со наставниците во однос на изготвените ИОП програми	Поддршка во реализација на ИОП програмите	континуирано во текот на годината	Наставниците ќе се запознаат со специфичните методи на работа според инклузијата	наставници, стручна служба
Поддршка во определување на содржини кои ќе се обработуваат и кои можат да се постават пред ученикот	Информираност на наставниците	континуирано во текот на годината	Изнаогање на најсоодветни методи и пристапи во реализација на наставните содржини	наставници, учениците , психолог , педагог,родител
Планирање стратегии за оценување на знаењето на учениците со ПОП	Оценување според можностите	декември	Постигнување на подобри успеси кај учениците	наставници, ИТУ, инклузивен тим
Давање насоки за документирање на постигнувањата на учениците со ПОП	Успешно проценување на постигнувањата Кај учениците	континуирано во текот на годината	Водење на досие на ученикот со негови активности	наставник, родител и стручна служба образовен асистент

Помош и поддршка на наставниците за примена на индивидуализиран и диференциран пристап во работата	Учениците да напредуваатспоред своите можности и способности	континуирано во текот на годината	Развој на индивидуални способности	наставници, образовен асистент
ПОДРАЧЈЕ 3:НЕПОСРЕДНА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ				
Содржина на работа	**Цели**	**Време на реализација**	**Очекувани резултати**	**Соработници**
Посета на часови и други активности вкупно(20 часа)	Следење на 11 ученици со ПОП преку обсервација	континуирано	Запознавање со однесувањето, потребите и можностите на ученици	наставници, стручна служба
Дефектолошка проценка на учениците	Индивидуална работа со ученици со ПОП	континуирано по потреба	Правилно проценување на можностите и потребите на учениците	наставници, стручна служба, образовен асистент
Индивидуална работа со учениците по повод 3 ти Декември,, Меѓународен ден на лица со попреченост	Одбележување на денот посветен на децата со попреченост	05.12.2023 год	Соработка и разбирање на поимот попреченост,како и подигање на свесноста	образовни асистенти,наставници и ученици
Индивидуална работа со ученици со ПОП,групна работа и работа во група во училница	Вежби за надминување на потешкотиите во учењето: дискалкулија, диграфија и дислексија Психомоторна реедукација	два-три пати неделно,некои еднаш во зависност од препораките на МКФ,со секој ученик посебно, 11 ученика	Постигнување на подобар успех и социјализација на учениците	соработка со одделенските наставници на Ученици со ПОП
Водење досие за секој ученик со ПОП	Следење на развојот на ученикот	континуирано во текот на годината	Евидентирање на напредокот, и постигнувањата на учениците	наставници, стручна служба

Евалуација на ИОП	Согледување на реализацијата според предвидените активности и цели	јануари 2023	Согледување на постигнувањата и нивна промена по потрба	ученици со ПОП наставници, инклузивен тим
,,Сеќавања,,-Инклузивна танцова претстава(ЕУРЕКА)	Национална Опера и Балет-Подигање на свест за Инклузија	5.12.2023	Инклузија	ученици, наставници
Промоција на прва инклузивна сликовница,,Новогодишна сказна,претстава и работилница-актери од МНТ	Инклузивна илустрирана сликовница со браево писмо,едукација и делење подароци	27.12.2023	Запознавање со поимот лица со оштетен вид,знаковен јазик и браево писмо,едукација и делење подароци	ученици,наставници актери од МНТ, Гордана Симоновска во соработка со Комерцијална Банка
ПОДРАЧЈЕ 4 : СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ				
Содржина на работа	**Цели**	**Време на реализација**	**Очекувани резултати**	**Соработници**
Инструктивно- советодавна работа со родителите на учениците (насоки за работа дома)	Информираање на родителите за стручни лица и сервиси за поддршка во заедницата	континуирано	Остварување на ефективна соработка.	Родители, наставници, инклузивен тим
. Вклучување во процесот на изработка на ИОП	Постигнување на целите	континуирано	Успешно постигнување на целите според содржините	родители наставници, инклузивен тим
Упатување на соодветни стручни установи согласно потребата на ученикот	Добивање на стручно мислење од соодветни стручни лица	континуирано	Согледување на моменталната состојбата на ученикот	родители на УПОП , инклузивен тим
Соработка со родителите за нивните права, обврски и бенефиции	Информирање на родителите за правата и бенифициите на нивните деца	континуирано	Користење на нивните права и обврски во однос на деца со ПОП	родители, психолог-ментор, инклузивен тим, наставници

Консултаци со родителите за напредоко на учениците	Редовно информирање на родителите за напредувањето на нивните деца	континуирано	Постигнување на поставените цели	родители,психолог-ментор, наставници
ПОДРАЧЈЕ 5:СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ				
Содржина на работа	**Цели**	**Време на реализација**	**Очекувани резултати**	**Соработници**
Соработка со здравствени установи и институции заради дијагностика и третман	Рано откривање, детекција,дијагностика и третман на учениците со посебни образовни потреби	континуирано	Подобрување на нивните потенцијали Постигнување подобар училишен успех	наставници, ученици, родители, стручна служба
Соработка со училиштата од реонот и пошироко	Унапредување на работата	септември-јануари	Споделување на искуства за унапредување на процесот на инклузија	специјални едукатори и рехабилитатори
ПОДРАЧЈЕ 6:ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ				
Содржина на работа	**Цели**	**Време на реализација**	**Очекувани резултати**	**Соработници**
The 44 th Pan-EU Conference on digital Education	Професионално усовршување	23.11.2023	Професионално усовршување	ERASMUS+PRIMERA COURSES
Специфични тешкотии во учењето – детекција,дијагностика,третман и пристап-Семинар	Професионално усовршување	02.12.2023 ФЗФ	Професионално усовршување	гаспар-центар за психофизичко здравје

19.6. ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА БИБЛИОТЕКАРОТ

Активностите на библиотеката во првото полугодие се одвиваа според годишната програма за работа на училишната библиотека.
Најпрво како стручен соработник заедно со педагогот Маја Ивановска на 23.08.2023г бевме на Обука со наслов ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПРАКСА.
Во периодот од 28.09.2023г до 15.10.2023г во училишната библиотека беше извршен отпис на литература на српско-хрватски јазик кои веќе не се користат во основното образование како и на литература на македонски јазик(лектири)кои истотака не се користат.Треба да напоменам дека од литературата во отпис се оставени 371 примерок во библиотека а 762 примероци се во отпис.
На 27.10.2023 заедно со колешките по македонски јазик Билјана Ристоска Стомнароска и Рада Гроздановска со одреден број на ученици од 6 одделенија посетивме книжарница на ПРОСВЕТНО ДЕЛО во Скопје а следниот ден на 28 Октомври ученици од 6 до 9 одд имаа напишано писмени творби за значењето на книгата и најдобрите 3 творби беа наградени со по една книга од нашата библиотека.Со овие 2 активности беше одбележан месецот на книгата.
Во периодот од крајот на месец Август до средината на месец Декември 2023 г беа поделени и учебниците од прво до деветто одделение од МОН.Во првото полугодие беа дистрибуирани РОСИЦА И ДРУГАЧЕ од ПРОСВЕТНО ДЕЛО а исто така од оваа учебна година започна во нашето училиште да се дистрибуира и списанието ДЕТСКИ КЛИК од АРСЛАМИНА.
На 31.10.2023 нашата библиотека ја посетија учениците од 2а со одделенскиот раководител Силвана Ѓуровска.
Во периодот од 27.11 до 03.12.2023г заедно со одделенските раководители на 2 и 3 одделенија ја посетивме и Градската Библиотека БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ во ТЦ Радишани.
ЗАБЕЛЕШКА: Вкупниот број на книжниот фонд во нашата библиотека по извршениот отпис изнесува 6348 наслови и истиот по потреба може да се менува.

19.7. ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ИНКЛУЗИВЕН ТИМ

На почеток на годината беше направена Годишна програма на училишниот тим за учебна 2023/24 година,за таа програма се направи и акциски план по месеци Инклузивниот тим создава услови за поголем напредок на учениците со ПОП.

На почеток беа идентификувани учениците со ПОП.Во одделенска настава имаме 5 ученика,а во предметна настава 7 ученика со ПОП,8 од нив се со ИОП,1 ученик е по модифицирана програма,а 2 ученика кои имаат мислење,но не се со ИОП се работи индивидуално.Имаме еден ученик со телесна попреченост,но без ИОП.

Беа направени консултации со родителите со цел да се слушне нивното мислење и согледување за целите кои се поставени во ИОП и да дадат свои предлози,идеи за понатамошна успешна работа во воспитно-образовниот процес.Исто така беа направени разговори со раководителите на пралелките кои имаат ученици со ПОП со цел да се види дали учениците успешно се вклопуваат и ги совладуваат целите кои се поставени во ИОП.Тимот имаше соработка со надлежните стручни институции(МКФ и ,,ПОУ Иднина,,)со цел да се добие мислења за состојбата како и препораки во однос на работата со овие ученици.

Во текот на првото полугодие Инклузивниот тим ја следеше работата на учениците и нивниот однос кон учењето.

Р.БР.	ДНЕВЕН РЕД ОД ОДРЖАНИОТ СОСТАНОК	ЦЕЛИ НА СОСТАНОКОТ	ДАТУМ
1.	1.Формирање на инклузивен тим. 2.Изготвување на годишна програма.	Подобрување на работата	август 2023
2.	1.Откривање и идентификација на ученици со потешкотии 2.Следење на работата на учениците и нивниот однос кон учењето. 3.Повикување на родителот и разговор.	Да им се помогне во совладување на наставните содржиниприлагодени според нивните можностии потреби.	август,септември, континуирано септември
3.	1.Соработка со стручната служба –разговор со ученици. 2.Соработка со родители-стручна служба-наставник. 3.Разгледување и прилагодување на програмата за работа на УИТ. 4.Прилагодување на целите за реализација	Да се види дали учениците успешно се вклопуваат и ги совладуваат поставените цели во ИОП-от и преземање на соодветни активности	континуирано
4.	1.Соработка со надворешни институции(МКФ, ПОУ,,ИДНИНА,, и други) 2.Советодавна работа со наставници за индивидуален пристап со учениците. 3.Следење и помош во самостојната работа	Да се види напредокот на учениците и советодавна работа со наставници.	тековно

19.8. ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА ОБРАЗОВНИОТ МЕДИЈАТОР

Полугодишен извештај 2024/2024за ООУ „Ацо Шопов“ од Мартина Иљаз ромски образовен медијатор од општина Бутел работеше според предвидените активности за реализација на програмата за ромските образовни медијатори со 30-ученици Роми на 17 семејства од населба Радишани

Спроведени активности во првото полугодие од ученбата 2023-2024 година:

- Директно беа следени 29 ромски ученици од 1 до 9 одделение кои следат настава во ООУ „Ацо Шопов“ во однос на редовност
- Вкупно 17 семејства беа посетени на терен чии деца се ученици во ООУ„ Ацо Шопов“
- Редовни состаноци со Директорката и педагошко - психолошка служба од ООУ „Ацо Шопов“ во однос на редовноста, осипаноста, успехот и однесувањето на Ромските ученици;
- Редовна комуникација со наставниците во училиштето за следење и прогрес на учениците и нивната редовноста, особено на нередовните ученици кои покажуваат низок интерес за образование
- Идентификување на ученици кои се повратници од странски земји и превземање мерки за нивно враќање во образовниот процес
- Превземање на активности за намалување и осипување од воспитно образовниот систем на ученици Роми
- Редовно консултирање со родителите и падагошко - психолошка служба за потребите на ромските ученици
- Работа на терен со родителите и учениците на мотивација, редовност и значење на образовниот процес;
- Насочување на родители кон ДПИ И Центар за Социлајно работи за дополнително објаснување, зошто ученикот не посетува настава.

19.9. ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ

Полугодишниот извештај за работата на Советот на родители при ООУ „Ацо Шопов“- Скопје, го опфаќа извештајниот период од првото полугодие од учебната 2023/2024 година, односно периодот од 01.09.2023 година до 31.12.2023 година.
Советот на родители во тој период одржа 4 редовни состаноци. Советот на родители се конституираше веднаш по првата родителска средба, на која беа избрани претставниците од одделенијата во Советот на родители.
Согласно Законот за основно образование, на покана на Директорката на училиштето беше свикан првиот состанок, кој се одржа на ден 11.09.2023 година, во просториите на ООУ „Ацо Шопов“, Скопје, со почеток во 19.00 часот. На состанокот беше избран претседателот на Советот на родители, родителот Гордана Николовска-Стојчевска. Исто така, на состанокот беше избран заменик-претседател на Советот на родители, родителот Наташа Денчевска и записничар, родителот Гордана Младеновиќ Кметовиќ. На состанокот беше одлучено состаноците на Советот на родители да се одржуваат секој прв понеделник во месецот со почеток во 19.00 часот. За време на состанокот се наметна и потребата за ревидирање на Деловникот за работа на Советот на родители, за што беше предложена и избрана комисија во следниов состав:
1. Александар Величковски,
2. Дамјан Цингарски,
3. Елена Виларова.

Комисијата до следниот состанок треба да предложи измени на Деловникот и да ги сподели во вибер групата на Советот на родители поради дополнителни предлози. Новата верзија на Деловникот треба да биде изготвена до следниот состанок.
Заради непречено одвивање на работата на училиштето, по барање на Директорот на училиштето се формираа две комисии, и тоа:
Комисија за реализација на екскурзии:
1. Корнелија Утевска Глигоровска, 9-а одд.,
2. Александар Величковски, 6-б одд.,
3. Александра Пуловска Јакимовска, 5-б одд.

Комисија за спроведување на постапка за избирање на осигурителна компанија: која се состои од 1 претставник од Советот и 2 наставници. Избрана беше:
1. Елена Виларова, претставник од 8-в одд.

Во врска со постапката на избирање на компанија за обезбедување на топол оброк за дневниот престој, Директорката потврди дека тендерот бил објавен на интернет страницата на Бирото за јавни набавки на 17.08.2023 година. Исто така, беше потврдено дека, сите ученици кои ќе се пријават за дневен престој, задолжително ќе земаат и топол оброк.
Во врска со недостатокот на учебници во одредени одделенија, беше споделена информација дека како што стигнуваат учебниците, така ќе им се распределуваат на учениците. Од страна на Директорката се даде информација дека е испратено Барање до Министерството за потребните учебници, но се уште не е добиена повратна информација кога истите ќе бидат обезбедени.
Вториот состанок се одржа на ден 02.10.2023 година, во просториите на ООУ „Ацо Шопов“, Скопје, со почеток во 19.00 часот.
На состанокот имаше дискусија околу членовите во Деловникот за работа на Советот на родители и останува Деловникот да се

доработи од страна на Комисијата за ревидирање на Деловникот согласно со предлозите дадени од страна на претставниците како и од страна на Директорот и стручната служба на училиштето.
Од претставниците во Советот беше споделен став дека Записниците треба да се споделуваат или на вибер групите на одделенијата или на web страницата на училиштето. Предлогот едногласно се усвои, односно се одлучи усвоените Записници на Советот на родители, преку претставниците на одделенијата да се споделуваат на вибер групата на одделението.
Во врска со вршење на уплати (за екскурзии, осигурување и други активности), Директорката посочи дека вработените од училиштето не смеат да вршат уплати и дека досега немало проблем со уплаќањето, па поради тоа едногласно се донесе одлука за задолжение на претставникот на одделението за вршење на уплати потребни за одделението во текот на учебната година.
Со цел за поефикасно работење на Советот на состанокот се формираа работни групи и тоа:
1. Работна група за соработка со општината (координатор: Зорица Бојковска (1в), и членови: Илија Јордановски (2г), Даниела Маргаритова (6а), Даниел Ѓурчилов (4г), Игор Милевски (2в));
2. Работна група за културно-забавен живот (координатор: Наташа Денчевска (6г), и членови: Ирена Костовска (1а), Марија Тенева Тимотиевиќ (2а), Маја Димовска (8б), Александар Величковски (6б));
3. Работна група за соработка со училиштето (координатор: Ивана Ѓоргиевска (6в), и членови: Гордана Младеновиќ Кметовиќ (3в), Александра Балевска Димитровска (9б)).
Во врска со осигурувањето на учениците Директорката информираше дека на огласот за осигурување на учениците се пријавиле следните компании: Евроинс, Винер, Халк Осигурување, Кроација Осигурување и Триглав. Од страна на Комисијата била избрана Винер АД како најповолен понудувач.
Исто така родителите беа информирани дека во тек е постапката за организирање на предвидените екскурзии и за кратко време ќе биде споделена информација.
Во врска со униформите за учениците, родителите беа информирани дека до училиштето се уште нема пристигнато официјална информација.
Во однос на учебниците, Директорката информираше дека сите учебници што се стигнати во училиштето се поделени на учениците. За учебниците што недостасуваат, се уште нема информација од МОН.
На ден 04.10.2023 година од страна на Советот на родители донирано е електрично пијано, наменето за потребите на училиштето, како и за непречено одвивање на наставните часови по Музичко образование.
Третиот состанок се одржа на ден 06.11.2023 година, во просториите на ООУ „Ацо Шопов“, Скопје, со почеток во 19.00 часот.
Управата на училиштето побара да се избере член во комисија за фотографирање. Беше избрана Корнелија Глигорова Утевска, претставникот од 9а одделение.
Директорката ги извести претставниците во Советот на родители дека се набавени дрвени кутии за мобилните телефони (за време на состанокот беа донесени и презентирани на родителите), со нумерирани сегменти за секој ученик според бројот во Дневникот, кои ќе бидат поставени на катедрата кај наставникот за време на наставните часови. Во куќниот ред е посочено дека употребата на мобилни е забранет како за учениците така и за наставниците за време на наставата. Директорката напомена дека вообичаено непријатностите не се случуваат за време на часовите туку надвор од училиштето. Поради тоа, препорака и од Владата е да се

прочита Законот за Семејство и Кривичниот законик од страна на родителите за да бидат свесни за последиците од одредени постапки на учениците.
Во Куќниот ред се предвидени обврските на дежурните ученици и наставници како превентивна мерка за заборавените телефони.
На 28.09.2023 г. бил одржан состанок на Комисијата за екскурзии и јавно биле отворени понудите по јавниот оглас. Имало 5 понуди од 5 агенции и тоа: „Балкан фан“, „Дема Травел“, „Балкан Нет тур оператор“, „Виста Турс“ и „Кондор“.

- За еднодневната есенска екскурзија била избрана „Виста Турс“ заради понудена најповолна цена од 195 денари;
- За еднодневната пролетна екскурзија во Кучково била избрана „Виста Турс“ како најповолна понуда од 220 денари;
- За еднодневна ексурзија во Лешок за 3-то одд., била избрана „Кондор“ за 500 денари;
- За дводневна научна екскурзија за 6-то одд. била избрана „Балкан фан“, за 2800 денари;
- За тридневна екскурзија за 9-то одд. била избрана „Балкан фан“, 4390 денари. Сместувањето ќе биде во Охрид. За наредниот состанок треба да се провери дополнително каде точно ќе бидат сместени учениците.
- За настава во природа за 5-то одд. беше избрана „Кондор“, 6 300 денари.
- „Балкан фан“ доставила дополнително понуда за летување (Охрид) од 14 300 денари, и зимување (Маврово) 12 800 денари.

Беше прочитан и Извештајот од екскурзијата во парк шумата Гази Баба од рекреативен и забавен карактер.
Во врска со Новогодишниот хепенинг, од страна на Александар Величковски, член на работната група за културно-забавен живот во училиштето, беше дадена идеја во 6-то и 7-мо одделение да се организираат игри без граници и талент-шоу. За 8-мо и 9-то идејата е да се организира забава, при што да им се остави организацијата на учениците, а родителите само да претставуваат поддршка. Предлог од педагогот е работната група да оствари средба со учениците од училишната заедница за идеите да потекнуваат од учениците. Директорката наведе дека во организирањето на сите активности треба да бидат вклучени повеќе родителите, а не се да се остава на наставниците. Целта на организирањето на овие настани е дружење и прибирање на средства за набавка на потребни средства за училиштето. Предложено беше хепенингот за одделенијата од 1-во до 5-то да биде од натпреварувачки карактер и да се избира најубав штанд и да има награден фонд.
Во однос на празните часови за време на одржување на наставата по Италијански и Германски јазик, Директорката извести дека за состанокот била повикана Весна Јакимовска, наставник по физика, која го изготвува распоредот на наставните часови за училиштето. Но, во моментот на состанокот немаше известување за причините за нејзиното отсуството. На учениците им се дава избор за изучување на германски или италијански јазик. Тоа резултира со тоа што на пример од 3 паралелки се собираат 20 ученици од вкупно 90 деца. Додека за германски има повеќе ученици и наставникот ги одржува часовите во секое одделение поединечно. Ваквата состојба настанува поради овозможување право на две опции при изборот за изучувањето на втор странски јазик.
За тие ученици што имаат празен час, Директорката објасни дека има обезбедено училница каде што можат да го поминат времето. Но сега поради убавото време тие излегуваат надвор.
Претставникот од 8г одд., Дејан Спасков сподели мислење дека може да се проба да се направи распоредот поинаку. Поради тоа, кажа дека дополнително, во своја режија, ќе направи напор да се направи корекција на распоредот. Тој нагласи дека учениците кои моментално учат италијански се дискриминирани во однос на тие што учат германски бидејќи остануваат подолго на училиште од

другите поради празните часови во распоредот.
Одговорот од управата е дека се прифаќа помошта околу измената на распоредот. Пробано е да се направи распоредот и со софтвер, но не било успешно. Претставникот Дејан Спасков зема обврска наредната недела да го земе распоредот и да проба да го преработи.

Од група родители беше посочено дека за време на наставните часови на учениците им било презентирано и биле убедувани да одат на зимските кампови кои се промовираат. Конкретно, флаери биле поделени на часот по англиски јазик во петто одделение и им било објаснувано дека во кампот ќе има забави и интересни активности. Учениците тоа го пренеле кај своите родители под впечаток дека сакаат да одат. Поради тоа, родителите реагираа дека на таков начин на поделба на рекламен материјал од наставниците, вработени во училиштето.
Од страна на Директорката беше наведено дека спортските клубови се клиенти на училиштето и имаат право да делат флаери на нивните членови.
Дополнително, училиштето има добиено копија од одговор на барање испратено до општината за дистрибуција на рекламен материјал за кампови од „Хит енд ран“ и „Фан Тенис“. Доколку се случи некој наставник да присилува и уценува ученици, тоа да се пријави во стручната служба, а училиштето ќе спроведе дисциплинска постапка за соодветниот наставник.
Доколку училиштето организира зимување/ летување тоа ќе биде само со избраната агенција по јавниот повик. Согласно со тоа се постави прашање каква е постапката за реализирање на зимување/ летување преку училиштето. Директорката одговори дека ќе ја повика агенцијата за да го презентира планот за реализација.
Дополнително беше споделена информација за организирање посета на фестивалот „Златно Славејче“ по цена од 270 денари за билет и 100 денари за превоз.
Во врска со униформите за учениците, Директорката извести дека во наредните денови ќе биде објавен тендерот за изготвување на ученичките униформи на ниво на Општина, за сите основни училишта. Кога ќе се има официјална информација Директорката ќе ја сподели.
Работилницата за Кодексот на однесување почна со реализација но, беше прекината затоа што дел од претставниците, иако претходно се согласија да се одржи, потоа полека почнаа да ја напуштаат. Така што, останува дополнително да се договори концепт според кој ќе се состави Кодексот.
Дополнително од страна на Претседателот на родители се формира работна група од родителите кои се вклучија во работилницата за кодексот. Работната група беше: Марија Тенева Тимотиевиќ 2а, Ивана Зенговска 9в, Ивана Ѓорѓиевска 6в, Игор Милевски 2в, Гордана Младеновиќ-Кметовиќ 3в, Гоце Дамајноски 4в, Гордана Николовска-Стојчевска 7б, а работилницата се одржа на 06.12.2023 година со почеток во 18.00 часот.
Четвртиот состанок се одржа на ден 05.12.2023 година, во просториите на ООУ „Ацо Шопов“, Скопје, со почеток во 19.00 часот.
Во врска со Новогодишен хепенинг, работната група за културно-забавен живот со претставниците од Советот, а во однос на организирање на настани ги предложи следните активности за одбележување на новогодишните празници.
За учениците од 1-во до 5-то одделение да се организира хепенинг. За оваа година беше даден предлог хепенингот да биде со

натпреварувачки карактер и тоа во две категории:
1. Најдобро украсен штанд – награда од 3000 МКД.
2. Најмногу собрани средства – награда од 2000 МКД.

Исто така беше предложено од секое одделение да се избира најдобар штанд и најдобрите да добијат Пофалница од Советот.
Комисија за доделување на наградите: Роберт Диковски 7б, Наташа Денчевска 6г, Ивана Зенговска 9в, Маја Димовска 8б и Александар Гиговски 8а.
Во однос на 6-то и 7-мо одделение се предложи да се организираат игри без граници во времетраење од 2 дена.
За 8-мо и 9-то одделение групата предложи да се организира новогодишна забава со консумација.
Во тој контекст беше прочитано и Барањето од учениците од предметна настава во кое учениците побарале за новогодишните активности во училиштето да се организираат спортски натпревари и игри без граници за 6-то и 7-мо одделение и предновогодишна забава за 8-мо и 9-то одделение. Како предлог-датум за забавата и активностите беше наведен 27.12.2023 година.
Советот се надоврза на Барањето и поради тоа што, за спортските натпревари и игри се потребни 2 дена, беа предложени датумите 27 и 28.12.2023 година во 17:10 часот. Се разви дискусија во однос на организирањето на спортските натпревари во толку краток рок и се одлучи на учениците да им се предложи спортските натпревари да се одржуваат на пролет со цел да се користат надворешните спортски терени во кругот на училиштето.
Во однос на новогодишниот хепенинг претставниците од одделенска настава, предложија тој да се одржува во поголем простор од вообичаената аула, бидејќи има премногу штандови и се прави премногу голема гужва. Бидејќи нема друга опција за поголем простор, за да се намали гужвата во аулата, по предлог и дискусија во одделенијата може да се одлучи 4-то и 5-то одделение да имаат друга активност.
На крај беше договорено претставниците-членови на работната група за организирање на настани да ги дефинираат деталите за предновогодишните настани во соработка со учениците и училишната управа и истите да се споделат до сите претставници во Советот.
За време на состанокот следните предлози беа усвоени:
1. Термин за забава за 8-мо и 9-то одделение - 22.12.2023 година, петок од 19:30-22:00ч во аулата на училиштето.
2. Термин за хепенинг – 21.12.2023 година, четврток од 17:10ч. Работилниците во одделенијата да се одржат некој ден во периодот од 11.12.2023 год., до 15.12.2023 година во договор со наставниците и родителите.
3. Резервен термин за игри без граници за 5-то одделение (доколку се договори да не учествуваат во хепенингот) да биде 20.12.2023 година.

Од страна на претставникот на 2-б одделение беше пренесен предлог по барање од одделението – средствата собрани од хепенинг да останат во одделенијата за да се потрошат за потребите на училницата, а во однос на хигиенски средства, шкафчиња и слично. Директорката посочи дека училиштето набавува хигиенски средства преку тендер. Во однос на шкафчињата претставниците од минатата година, кажаа дека од средствата од Советот, а во соработка со родители беа купени и монтирани 12 шкафа. Останати се уште само 5 училници кои треба да се доопремат со шкафови. Поради тоа овој предлог не се усвои.
Директорката сподели информација и благодарност до градоначалникот на Општина Бутел – Дарко Костовски, во врска со тоа што

на 23.11.2023 година бил објавен тендер за надградба на ООУ „Ацо Шопов“ -Скопје, од страна на Министерството за образование и наука и тендерот ќе трае до 12.12.2023 година.
Од Новогодишниот хепенинг вкупно се собрани 97 780 денари, од кои се издвојуваат 3000 денари за награда за најдобро украсен штанд, 2000 денари за најмногу собрани средства и 600 денари за материјали за игри без граници.
Советот на родители на својата сметка од претходната година има останато 45 000 денари. Во моментот Советот на својата сметка има 137 180 денари кои ќе се користат за набавка на потребни нагледни средства кои недостасуваат за поефективна настава во училиштето.
Состаноците на Советот остануваат отворени за сите родители што не се избрани за претставници од одделенијата, а кои сакаат да присуствуваат и да се вклучат во дискусија по одредена тема, но се без право на глас. Препораката до родителите е најнапред да се исцрпат другите механизми за надминување на одреден проблем (разговор со раководител на паралелка, разговор со стручна служба, разговор со директор, предложување тема преку претставникот на одд.)
На состаноците присуството на родителите се евидентираше со списоци за присутност. Претставниците уредно, по електронска пошта добиваа покана за состанок. Исто така, Директорот и стручната служба на училиштето уредно беа поканети на сите состаноци.

19.10. ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРУЧЕН АКТИВ НА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА

Основна цел на стручниот актив е унапредување на воспитно-образовниот процес, перманентна грижа за стручно усовршување на наставниот кадар и грижа за напредокот на учениците.

Активностите кои ги презема активот во оваа учебна година произлегоа од зацртаните приоритети на ниво на училиште, и тоа:

- Мотивирање на учениците за рамноправна вклученост во воннаставните активности според пол, етничка припадност и деца со посебни потреби;
- Континуирани обуки на наставниците за успешна реализација на наставата во согласност со новитетите во образованието;
- Афирмирање на училиштето преку промовирање на знаењата и вештините на учениците;

Следи преглед на реализирани активности по месеци во првото полугодие во учебната 2023/24 г.

Активност	Организатори/реализатори	Време на реализација
- Изготвување предлог програма за работа на активот; - Распределба на СУА и СИП и одговорни наставници	одделенски наставници од 1 до 5 одд.	29. 06 2023
-Договор за почеток на учебната година и пречек на првачињата; -Договор за изготвување годишни и тематски планирања	одделенски наставници од 1 до 5 одд., директор, педагог	30. 08 2023
-Организирање приредба за првачињата, учество на ученици од 1 до 5 одд.	сите наставници од одделенска настава	1.09 2023
-Организирана е приредба и свечен прием на првачињата во Детската Организација;	одговорен наставник Валентина Јоцевска, сите одделенски наставници	6. 10 2023
Учество во кампањата „Помислете и на нас“-активност организирана по повод 16-ти октомври-Светскиот ден на храната преку собирање на храна која е пакувана	одговорен наставник Александра Ѓеорѓиевска, сите одделенски наставници	во текот на месец октомври
-Реализирани активности по повод Детската недела	одговорен наставник Валентина Јоцевска, сите одделенски наставници	месец октомври
Стручно предавање : „Социометриска постапка“ - презентација	Магдалена Андонова	16. 11 2023

Стручно предавање : „Деца со попреченост“- презентација	Марина Минциковска Апостоловска – дефектолог, Маја Ивановска – педагог	5. 12 2023
Организирана е игра – забава за учениците од 5 одд. „Игри без граници“	одделенски раководители на 5а, б, в, наставници по физичко и здраствено образование, родители од советот на родители	20. 12 2023
Организиран е „Новогодишен базар“ за учениците од 1 до 4 одд.	сите одделенски раководители од 1 до 4 одделение, родители од советот на родители	21. 12 2023
Отворен час : „Особини на животните и растенијата и нивна поделба“ - природни науки во 4в одд.	Александра Неделковска	21. 12 2023
Новогодишна приредба од наши ученици за нивните другарчиња	одговорен наставник Марија Ангелова; сите одделенски наставници од 1 до 5 одд.	25. 12 2023

19.11. ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ АКТИВОТ НА ХУМАНИТАРНАТА ГРУПА ПРЕДМЕТИ

Согласно годишната програма за работата на стручниот актив во текот на учебната 2023-2024 год. беа предвидени повеќе активности со што воедно се постигнаа и главните цели предвидени за првото полугодие, како:

- ❖ перманентно следење и оценување на учениците со различни инструменти , показатели, стандарди;
- ❖ подобрување на квалитетот на наставата преку внесување на современи методи,форми и нагледни средства во наставниот процес;
- ❖ зголемување на мотивацијата и одговорноста на наставниците за сопствено напредување;
- ❖ споделување на искуства и дидактички стратегии во функција на образовниот процес;
- ❖ примена на стратегии,техники и методи и др.

Од предвидените активности во текот на првото полугодие беа реализирани следниве:

АКТИВНОСТ	ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА	РЕАЛИЗАТОРИ /УЧЕСНИЦИ	МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА	ЕФЕКТИ
Изготвување и усвојување предлог програма за работата на активот од хуманитарна група предмети	06.09.2023	предметните наставници од хуманитарната група предмети, директор, психолог и педагог	училиште	Усвојување на програмата
Реализација на практичен час по македонски јазик : ,,Епитет“ Наставник: Рада Гроздановска	13.11.2023	практичниот час го следеа сите наставници-членови на активот, директор, психолог и педагог.	училиште училница	Размена на искуства, унапредување на образовниот процес
Реализација на практичен час по физичко и здравствено образование: ,,Увежбување на штафетно трчање“ Наставник Лиле Рабреновиќ	18.12.2023	практичниот час го следеа сите наставници-членови на активот, директор, психолог и педагог.	фискултурна сала	Размена на искуства, унапредување на образовниот процес

Реализација на отворено предавање:,,Учење на странски јазик преку игра“ Наставник Виолета Тевдовска	20.12.2023	отвореното предавање го следеа сите наставници-членови на активот, директор, психолог и педагог.	училница	Размена на искуства, унапредување на образовниот процес

19.12. ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВОТ НА ПРИРОДНА ГРУПА

Согласно годишната програма за работата на стручниот актив во текот на првото полугодие во 2023/2024 год. беа предвидени повеќе активности со што воедно се постигнаа и главните цели предвидени за првото полугодие, како:

- ❖ Мотивирање на учениците за рамноправна вклученост во воннаставните активности според пол,етничка припадност и деца со посебни потреби
- ❖ Континуирани обуки на наставниците за успешна реализација на наставата во согласност со новитетите во образованието
- ❖ Афирмирање на училиштето преку промовирање на знаењата и вештините на учениците

Од предвидените активности во текот на првото полугодие беа реализирани следниве:

Активност	Време на реализација	Реализатори / Учесници	Место на реализација	Ефекти
Изготвување и усвојување предлог програма за работа на активот од природна група предмети	24.08.2023	предметните наставници од природна група предмети, директор, психолог и педагог	ООУ,,Ацо Шопов,,	Усвојување на програмата
Разгледување и дискусија за новите наставни програми во 6-то одделение според новата концепција	05.09.2023	предметните наставници од природна група предмети	ООУ,, Ацо Шопов“	Размена на сознанијата од обулите и подобрување на работата на наставникот
Реализирана ЕКО работилница со истражувачки активности на тема:„Здрава храна“	16.10.2023	одговорен наставник: Маја Чубриноска и други наставници од активот природна група	ООУ,,Ацо Шопов“	Подобрување на исхраната на учениците и стекнување здрави навики на исхрана
Реализација на стручно предавање на тема: Мотивиран наставник-клуч кон успехот	27.10.2023	наставник по математика Елена Златкова присутни: наставници – членови на активот од природна група	ООУ,,Ацо Шопов“	Размена на искуства за мотивација на учениците за полесно совладување на наставните содржини
Пеализација на практичен час по предметот географија на тема: Азија и наставна содржина: Индија мешавина од народи, култура и традиција	10.11.2023	наставник по географија Билјана Јосимовска ученици од 9а одделение	ООУ,,Ацо Шопов“	Размена на знаења и искуства и унапредување на наставата

		присутни: наставници – членови на активот од природна група,педагог и психолог		Да се подобри квалитетот на наставата преку размена на искуства
Реализација на практичен час по предметот хемија на тема: Прости супстанци, соединенија, смеси и наставна содржина: Идентиификување елементи во соединение	28.11.2023	наставник по хемија Соња Алчевска ученици од 8в одделение присутни: наставници – членови на активот од природна група	ООУ,, Ацо Шопов“	Размена на знаења и искуства и унапредување на наставата Да се подобри квалитетот на наставата преку размена на искуства
Реализирано стручно предавање и обука за платформата quizalise која овозможува изработка на квиз за проверка на знаењата на учениците	18.12.2023	наставник по физика Весна Јакимовска присутни: наставници – членови на активот од природна група предмети	ООУ,, Ацо Шопов“	Изработка на квиз и нивна примена во наставата

Тим кој учествувал во изработка на Полугодишниот извештај:

Билјана Симоноска Антовска- директор
Маја Ивановска-педагог
Адријана Зарева Кипровска-психолог

Потпис на Директор

Потпис на претседател на Училишен одбор

Дата: 30.01.2024 година
Место Скопје